РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3053/14
29.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 23.07.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека г-ѓа Машовиќ нема да присуствува на седницата поради користење на годишен одмор и се наоѓа во странство. Објасни дека на седницата ќе се разгледуваат двете точки кои беа одложени и тоа Точка 11 - Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга - Одржување на кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки и Точка 12 - Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall.

**Точка 11**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга - Одржување на кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни дека согласно истечената гаранција на постојните кафемати во Агенцијата, се појави потреба од нивно одржување и сервисирање. Во таа насока се изврши анализа на пазарот и се побараа понуди за наведената услуга. Пристигна една понуда која освен како услуга одржување и сервисирање на кафематите, ќе обезбеди и 54 килограми кафе, вклучено во цената на редовно одржување на кафематите.

Г-дин Трајчев рече иако не е работа на Советот, сепак бидејќи станува збор за трошење на јавни пари, сугерира секогаш да се прибираат повеќе понуди од една заради избор на најдобра економски исплатлива понуда. Објасни дека спроведувањето на постапката е работа на Службата, додека Советот гласа само за потреба.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е стандардна забелешка на г-дин Трајчев кога има една понуда и препорача Службата во иднина да се потруди да обезбеди повеќе понуди за набавката.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека побарала информација од надлежното одделение зошто во материјалите има само една понуда. Колегите и објасниле дека за оваа услуга се контактирани повеќе фирми но нивниот одговор бил дека немаат интерес за доставување на понуда.

Г-дин Петрушевски рече дека коресподенцијата со фирмите би можела да се достави во материјалите, и се изјасни дека ќе даде поддршка за набавката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на услуга - Одржување на кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, за период од една година.

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 12**

Раководителот Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall. Објасни дека станува збор за редовна набавка која се спроведува секоја година. Целта на набавката е да се заштити компјутерската мрежа на Агенцијата. Набавката е од мала вредност со проценета вредност од 200 иљјади денари.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: Лиценца за Firewall е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**